# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 10 * година VI* 11.07.2011 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, јули 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план Урбан Блок Карпош 3 "Трговско Спортски центар-Дел Б", Општина Карпош - Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план Урбан Блок Карпош 3 "Трговско Спортски центар-Дел Б", Општина Карпош – Скопје донесена на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 5524/1**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош, на Триест и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план Урбан Блок Карпош 3 "Трговско Спортски центар-Дел Б", Општина Карпош - Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план Урбан Блок Карпош 3 "Трговско Спортски центар-Дел Б", Општина Карпош – Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На запад:** границата поминува низ КП 679/2 и КП 679/1
**На север:** границата поминува низ КП 683/2, КП 683/1,КП 667/4,КП 593. КП 594, КП 569 и КП 570
**На исток:** границата поминува низ КП 571 и КП 597

**На југ:** граничи со Булевар "Илинден"

Површината на урбаниот опфат изнесува 10,05 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: угостителски единици,деловен простор, заштитно зелченило, спорт и рекреација.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

Б2 –големи угостителски единици
Б4 –деловен простор
Д2- заштитно зеленилопарковско зеленило
Д3-спорт и рекреација
Е2- комунална супраструктура- трафостаници

Максималната висина на венец на градбите изнесува Нмах.=11.20 м. , односно П+2+Пк

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри зауредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-5322/1
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за спроведување на активност за инвентаризација на изградени објекти на територија на Општина Карпош**

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за спроведување на активност за инвентаризација на изградени објекти на територија на Општина Карпош донесена на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-5524/2** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**11.07.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 05/2002), Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Информацијата за спроведување на активност за инвентаризација на изградени објекти на територија на Општина Карпош**

1.Се усвојува Информацијата за спроведување на активност за инвентаризација на изградени објекти на територија на Општина Карпош.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до Секторот инспекторат.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 5322/2
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за дејноста образование за 2011 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за дејноста образование за 2011 година донесена на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-5524/3**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**ПРОГРАМА**

**за дополнување на Програмата за дејноста образование за 2011 година**

1.Во Програмата за дејноста образование за 2011 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.12/2010) во Глава I - Креативно едукативни активности за ученици, Точка 4 –Подобро здравје преку игра и танц во делот **Организатор – стручно лице**, по зборовите ""стручно лице"се додаваат нови зборови кои гластат:

" - Билјана Стојановска".

2.Во Глава I – Креативно едукативни активности за ученици, Точка 6 – Одбележување на значајни датуми и празници, во Активноста – Прослава на денот на општината, се додава нова алинеа, која гласи:

" Снимање на детска химна во музичко студио „ПОДРУМОТ" ".

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 5322/3
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за дејноста култура за 2011 година

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за дејноста култура за 2011 година донесена на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-5524/4**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за дејноста култура за 2011 година**

1. Во Програмата за дејноста култура за 2011 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.12/2010 и бр.05/2011) Глава V –Активности од областа на културата, подглава А. Музика, во точката 2. Песни за Карпош, алинеите 1 и 2 се заменуваат со нова алинеа 1 која гласи:

- „По повод 35-годишнината на Општина Карпош ќе се создадат неколку музички дела-песни за Карпош во кои ќе земат учество автори, текстописци и музичари од подрачјето на општината. Песните ќе бидат своевидни химни за општината во кои во текстот ќе бидат проткаени некои знаменитости, препознатливи обележја и начинот на живеење во Карпош.

Во рамките на проектот ќе се изработат две песни (химни) од кои едната ќе биде главна препознатлива музичка химна на Општина Карпош, а другата-детска химна на општината, создадена со помош на основната училиштата при општината.

Во производството на двете песни ќе бидат вклучени авторските хонорари (музика, текстови, аранжмани), студиските трошоци и термини, ангажирање на 10-тина врвни музичари, ангажирање на пратечки вокали, детско хорче, миксање, мастеринг во странство, се до финалниот производ.

Песните ќе бидат сместени на некомерцијалнo музичко цеде „ПЕСНИ ЗА КАРПОШ" во определен тираж, кое ќе биде испечатено и промовирано во функција на Јубилејот-35 години Општина Карпош."

Финансиски средства: 450.000 денари

Носител: Консалтинг за развој на бизниси ДООЕЛ Скопје

Музички продуцент, уредник и координатор: Александар Митевски."

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 5322/4
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за исплата на специјална награда на ликовни уметници

1.Се објавува Одлуката за исплата на специјална награда на ликовни уметници донесена на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-5524/4-1**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за исплата на специјална награда на ликовни уметници**

1. Се одобрува исплата на две специјални награди од по 10.000,00 денари поединечно, на ликовните уметници Илија Кавкалевски и Таки Павловски, за учество со сопствени уметнички дела на конкурсот "АКВАРЕЛ".

2.Средствата од точка 2 на ова Решение ќе се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма К4 – Културни манифестации и творештво, ставка 464 – разни трансфери, подставка 464990 – други трансфери, по изготвени поединечни решенија.

3. Се задолжува Секторот за финансии да го спроведе ова решение.

4. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош", а ќе се применува по завршување на изборниот процес .

Број 07- 5322/4-1
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2011 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2011 година донесена на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 5524 /5**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**ПРОГРАМА**

**за дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2011 година**

1.Во Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2011 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.12/2010) Дел 1 – Бизнис и претприемништво,точка 2.4-Децата и младите во Крпош се грижат за здравјето и хигиената, се дополнува со нов текст кој гласи: "Организатор - Младински центар "ИДЕА".

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 5322/5
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**

за објавување на Заклучокот за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Распеана Младост" Карпош-Скопје

1.Се објавува Заклучокот за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Распеана Младост" Карпош-Скопје донесен на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 5524/6-1**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 05/2002), Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**

за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Распеана Младост" Карпош-Скопје

1.Се дава согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Распеана Младост" Карпош-Скопје.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈУОДГ "Распеана Младостд " Карпош-Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-5322/6-1
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Мајски Цвет" Карпош-Скопје

1.Се објавува Заклучокот за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Мајски Цвет" Карпош-Скопје донесен на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 5524/6-2**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 05/2002), Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Мајски Цвет" Карпош-Скопје

1.Се дава согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Мајски Цвет" Карпош-Скопје

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈУОДГ "Мајски Цвет" Карпош-Скопје

3.Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 5322/6-2
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Орце Николов" Карпош-Скопје

1.Се објавува Заклучокот за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Орце Николов" Карпош-Скопје донесен на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 5524/6-3**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 05/2002), Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Орце Николов" Карпош-Скопје**

1.Се дава согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ " Орце Николов " Карпош-Скопје.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈУОДГ "Орце Николов " Карпош-Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-5322/6-3
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Пролет" Карпош-Скопје

1.Се објавува Заклучокот за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Пролет" Карпош-Скопје донесен на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на С8 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-5524/6-4**
**11.07.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 05/2002), Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница одржана на 08 јули 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ "Пролет" Карпош-Скопје**

1.Се дава согласност за примена на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на директорите и вработените во ЈУОДГ " Пролет " Карпош-Скопје.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до ЈУОДГ "Пролет " Карпош-Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-5322/6-4
08.07.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за формирање на Организационен одбор за одржување на Манифестацијата
КУЛТУРНО ЛЕТО – КАРПОШ 2011

1.Се објавува Одлуката за формирање на Организационен одбор за одржување на Манифестацијата КУЛТУРНО ЛЕТО – КАРПОШ 2011 донесена на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 08 јули 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-5524/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**11.07.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) а во врска со Глава I, Организирање на културни манифестации, точка 1. Културно лето – Карпош 2011, од Програмата за дејноста култура за 2011 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 12/2010 и бр. 05/2011), Советот на Општина Карпош на Триесет и седмата седница, одржана на 08 јули 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање на Организационен одбор за одржување на Манифестацијата КУЛТУРНО ЛЕТО – КАРПОШ 2011**

**Член 1**

Заради успешно и целосно организирање и реализирање на манифестацијата Културно лето – Карпош 2011, согласно Програмата за дејноста култура за 2011 година, се формира Организационен одбор на Манифестацијата.

**Член 2**

Организациониот одбор од член 1 на оваа Одлука се состои од претседател и 8 членови и тоа:

Претседател на Организациониот одбор:

**Стевче Јакимовски** – Градоначалник на Општина Карпош

Членови на Организациониот одбор:

- **Марјан Ивановски** – Раководител на Секторот за поддршка на Градоначалникот;
- **Мирјана Поповска** – Раководител на Одделението за образование;
- **Патрик Поповски** – Советник во Одделението за спорт и култура;
- **Горан Михајлов** – Член на Советот на Општина Карпош;
- **Билјана Костова** – Член на Советот на Општина Карпош;
- **Анка Спасовска** – Член на Советот на Општина Карпош;
- **Илија Деспотовски**- Член на Советот на Општина Карпош;и
- **Душан Велковски** – Член на Советот на Општина Карпош.

**Член 3**

Организациониот одбор има задача целосно да ги организира и реализира сите предвидени програмски активности, со што се остварува локалниот интерес во културата на граѓаните на Општина Карпош.

**Член 4**

Во организирањето на манифестацијата Културно лето – Карпош 2011, Организациониот одбор може од редот на своите членови да формира работни групи кои ќе бидат во функција за поуспешна реализација на Манифестацијата.

**Член 5**

Се задолжува Организациониот одбор за одржување на Манифестацијата Културно лето Карпош 2011, во рок од 60 дена од денот на завршувањето на Манифестацијата, до Советот на Општина Карпош да достави извештај за реализираните програмски активности.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-5322/7<br>
08.07.2011 год.<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
**Трифун Трифуновски,с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.-Одлука за утврдување и Нацрт-Детален
урбанистички план Урбан блок Карпош 3-Трговско
спортски центар дел Б,Општина Карпош Скопје со Решение
за објавување .................. 2-5

2.-Заклучок за усвојување на Информацијата
за инвентаризација на изградени објекти на територија
на Општина Карпош со Решение за објавување .................. 6-7

3.-Програма за дополнување на Програмата за
дејноста образование за 2011 година со Решение за објавување ................ 8-9

4.-Програма за измена и дополнување на Програмата
за дејноста култура за 2011 година со Решение за оќјавување ................ 10-11

4.1- Одлуката за исплата на специјална награда на
ликовни уметници со Решение за објавување .............. 12-3

5.-Програма за дополнување на Програмата за
активностите на Општина Карпош од областа на локален
економски развој за 2011 година со Решение за објавување ................ 14-15

6.1-Заклучок за давање Согласност за примена
на Правилникот за систематизација на работните места
и работните задачи на директорот и вработените
во ЈУОДГ " Распеана Младост"со Решение за објавување ................ 16-17

6.2-Заклучок за давање Согласност за примена
на Правилникот за систематизација на работните места
и работните задачи на директорот и вработените
во ЈУОДГ " Мајски Цвет"со Решение за објавување ................ 18-19

6.3-Заклучок за давање Согласност за примена
на Правилникот за систематизација на работните места
и работните задачи на директорот и вработените
во ЈУОДГ " Орце Николов"со Решение за објавување ............... 20-21

6.4-Заклучок за давање Согласност за примена
на Правилникот за систематизација на работните места
и работните задачи на директорот и вработените
во ЈУОДГ " Пролет"со Решение за објавување ............... 22-23

7.-Одлука за формирање на Организационен
одбор за одржување на Манифестацијата КУЛТУРНО ЛЕТО
– КАРПОШ 2011 со Решение за објавување ............. 24-26

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 30 примероци